**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-109/1**
**Скопје, 20.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Пласница за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Пласница за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Исмаил Јаоски, градоначалник на општина Пласница, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.10. до 07.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Стојан Николовски – Помлад ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Надлежните служби на општина Пласница, не извршиле усогласување на интерните акти со одредбите на Законот за локална самоуправа, во законски утврдените рокови.
Во текот на ревизијата Статутот на општината е усогласен со Законот за локална самоуправа, а во постапка на усогласување се актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и допринесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.
**Препорака:**
Службите на општината, работите од нивна надлежност, да ги извршуваат по ажурно и во роковите предвидени со позитивните законски прописи.

**10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.2.1. Потценети се и приходите и расходите за вкупен износ од 1,620 илјади денари поради книговодствено не евидентирана и не спроведена преку сметката цесија за плаќање на дел од завршна ситуација од ноември 2004 година, за објект Правење пристапен пат с.Дворци с.Лисичани (тампонирање на пат и регулација на изворот Питран во атар на с.Дворци), што е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, според кој признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи се спроведува според сметководствено начело на парично искажување, според критериумот на мерливост и расположливост.
Не придржување на сметководствено начело на парично искажување придонесува за нереално искажување на приходите и расходите во пресметковниот период во кој настанале.

**Препорака:**
Правниот субјект во целост да го применува Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници

11. Според наше мислење, освен изнесеното во точка 10.2. , финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Пласница на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Пласница остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2004 година.

**Скопје,16.01.2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС ПЛАСНИЦА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 802 | 738 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 51 | 21 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 2,204 | 1,174 |
| **Вкупно приходи** | | **3,057** | **1,933** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 990 | 803 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 731 | 317 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 12 | 191 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,733** | **1,311** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 247 | 19 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **247** | **19** |
| **Вкупно расходи** | | **1,980** | **1,330** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,077** | **603** |

**Буџет на ЕЛС ПЛАСНИЦА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,077 | 603 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,077** | **603** |
| **Вкупна актива** | | **1,077** | **603** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1,077 | 603 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,077** | **603** |
| **Вкупна пасива** | | **1,077** | **603** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
______________________